**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-4280/1

Скопје 21.11.2020г.

До: Радиодифузерите регистрирани за емитување платено политичко рекламирање

За: Управителите/директорите и одговорните уредници

**Предмет: Потврда на извештаи за реализирани услуги за време на Предвремените локални избори 2020**


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје


Почитувани,

Ве потсетуваме дека согласно член 76-д од Изборниот законик, пред исплатата на трошоците за објавеното платено политичко рекламирање (ППР) за време на Предвремените избори за градоначалници на Општина Пласница и на Општина Штип, кои се надоместуваат со средства од Буџетот на државата, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги треба да достави Извештај до Државната изборна комисија, а претходно да ги потврди извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите што ќе емитуваат платено политичко рекламирање.

Заради организација на овој мониторинг, во согласност со одредбите од Изборниот законик и *Упатството за потврдување на извештаи за емитувано платено политичко рекламирање*, радиодифузерите што ќе склучат договори за ППР со учесниците во изборниот процес, веднаш, а најдоцна во рок од два дена по склучувањето на договорот, до Агенцијата треба да достават скениран примерок од секој од договорите. Заедно со договорите треба да достават и скениран примерок од секој од медиа плановите што ќе ги добијат од учесниците во изборниот процес.

Врз основа на искуството со медиа плановите од претходниот изборен процес кои многу често не кореспондираа со емитуваното платено политичко рекламирање, ве молиме, да ни доставувате веќе реализирани медиа планови, за периоди од 2-3 дена, со внесени корекции, согласно точниот распоред и времетраење на емитуваните спотови.

Снимки од програмата не треба да доставувате, ќе ви побараме само доколку има технички проблеми во нашите снимки.

Сите документи и други материјали поврзани со мониторингот на платеното политичко рекламирање и потврдата на вашите извештаи за реализирани услуги, доставувајте ги исклучиво на следната адреса за електронска пошта - izbori@avmu.mk

За полесна комуникација, ве молиме на истава електронска адреса да ни испратите податоци за контакт од лицата што ќе можеме да ги контактираме за сите прашања поврзани со овој процес.

Ве молиме, вие контактирајте ги следниве колеги од Секторот за програмски работи, согласно посочениот распоред:

- **Виктор Стојанов,** телефон 078 431 949 или на е-маил: izbori@avmu.mk (ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ 21-М, ТВ Ускана Медиа и Радио РФМ);

- **Теодора Ристовска**, телефон 077 866 293 или на е-маил: izbori@avmu.mk (ТВ 24 Вести, ТВ Телма, ТВ Сонце, Наша ТВ, ТВ М Нет-ХД, ТВ Стар и Радио Канал 77).

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување на директорот**

**---------------------------------------------**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**